ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 8, а во согласност со член 48 став 1, член 50 и член 51 став 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седница одржана на ден 4.7.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за именување член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

### Член 1

За член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период до 3.4.2025 година се именува ___________________.

### Член 2

На именуваниот член на Надзорниот одбор му се определува наград за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор во износ од 45.000 денари.

### Член 3

Управниот одбор на Банката поднесува пријава за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на акционери на**

**ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач,**

___________________

**О б р а з л о ж е н и е**

кон Предлог - одлуката за именување член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

Во согласност со член 48 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 7 члена, избрани во постапка и услови во согласност со закон. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови.

Со Одлука на Собранието на акционери на Банката бр. 02-7381/1 од 3.11.2020 година, г. Борислав Трповски беше именуван за член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години.

Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија, со Решение бр. 15-7634/4 од 12 март 2021 година, издаде претходна согласност за именувањето на г. Борислав Трповски за член на Надзорниот одбор на Банката, за период од 4 (четири) години, сметано од 3 април 2021 година.

На 14.2.2023 година г. Борислав Трповски достави писмено известување дека дава оставка од функцијата член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје, којашто влезе во сила на ден 20.4.2023 година.

Во согласност со член 51 став 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, во случај на предвремено престанување на функцијата на членовите на Надзорниот одбор, изборите за испразнетите места за остатокот на мандатот се вршат на првата наредна седница на Собрание на акционери на Банката.

Заради сето погоре наведено, се јавува потреба за донесување на предметната Одлука за именување член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје.

**ТТК Банка АД Скопје**

**Надзорен одбор**

# М И С Л Е Њ Е

## на Надзорниот одбор за именување член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

Во согласност со член 48 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 7 члена, избрани во постапка и услови во согласност со закон. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови.

Со Одлука на Собранието на акционери на Банката бр. 02-7381/1 од 3.11.2020 година, г. Борислав Трповски беше именуван за член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години.

Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија, со Решение бр. 15-7634/4 од 12 март 2021 година, издаде претходна согласност за именувањето на г. Борислав Трповски за член на Надзорниот одбор на Банката, за период од 4 (четири) години, сметано од 3 април 2021 година.

На 14.2.2023 година г. Борислав Трповски достави писмено известување дека дава оставка од функцијата член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје, којашто влезе во сила на ден 20.4.2023 година.

Во согласност со член 51 став 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, во случај на предвремено престанување на функцијата на членовите на Надзорниот одбор, изборите за испразнетите места за остатокот на мандатот се вршат на првата наредна седница на Собрание на акционери на Банката.

Со цел пополнување на составот на Надзорниот одбор на Банката, како и подготовка и поднесување на целокупната документација за добивање претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија, потребно е именување член на Надзорниот одбор на Банката.

Во согласност со член 388-б од Законот за трговските друштва за точките каде што нема предлог - одлука за донесување, потребно е мислење коешто ќе го даде овластен орган или тело на Банката и коешто ќе биде објавено на интернет-страницата на Банката.

Во согласност со член 390 од Законот за трговските друштва, предлог - одлуката за именување член на Надзорен одбор треба да се достави во рок од 8 дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на Собранието.

Во согласност со член 344 став 4 од Законот за трговските друштва, податоците на кандидатот за член на Надзорниот одбор треба да се доставаат до акционерите најдоцна 7 дена пред датумот на одржување на седницата на Собранието на акционери. Податоците ќе бидат објавени на официјалната интернет-страница на Банката www.ttk.com.mk.

Скопје, 30.5.2023 година НАДЗОРЕН ОДБОР